## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 20.06.2019

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија до Основното јавно обвинителство Скопје  поднесе кривична пријава против М.Д.(39) и И.К.(35), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 17.06.2019 година, врз основа на судска наредба, извршен е претрес на дом и други простории кај М.Д., при што била пронајдена и одземена марихуана. Истиот ден околу 21 часот на ул.„Ѓорѓи Капчев" полициски службеници извршиле претрес кај И.К., при што пронашле и одзеле марихуана и други предмети. Двајцата пријавени се приведени во полициска станица.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија, до Основното јавно обвинителство Скопје, поднесе кривична пријава против С.Т.(33) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични

droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.06.2019 година на бул.„Србија" во Скопје полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „Опел астра" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамини.

На 19.06.2019 година во 13,30 часот во Полициската станица Чаир Т.Ј.(68) од Скопје, пријавила дека на улицата "Галичник" била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

Во текот на изминатиот ден (19.06.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека 50 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 38 возачи од кои: 11 возачи затоа што управувале возило под дејство на алкохол, 18 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило, еден возач затоа што бил возач-почетник и 8 останати сообраќајни прекршоци. Исто така, исклучени од сообраќај се и 15 возила бидејќи биле со истечена важност на сообраќајната дозвола. Санкционирани се 7 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, 10 возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, еден возач поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување,11 возачи на моторцикли поради неносење заштитен шлем, 5 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 11 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 67 мандатни платни налози и 40 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 8 сообраќајни незгоди во кои две лица се здобиле со тешки телесни повреди, а 7 лица со телесни повреди.

На 19.06.2019 година во 17,15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булеварот „Јане Сандански" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.А.(36) од Скопје, и моторцикл „Сузуки" со скопски регистарски ознаки, управуван од К.М.(20) од Скопје. Со тешки телесни повреди се здобил моторциклистот кој бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје.

На 20.06.2019 година во 02,45 часот било пријавено дека во Гостивар на улицата "Илинденска" 15-годишно момче од с.Вруток-гостиварско управувајќи мопед "Лонјиа" со гостиварски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднало на коловозот, при што се здобило со тешки телесни повреди и било пренесено во Медицинскиот центар Гостивар за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против С.С.(44) од Скопје за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и Ш.С.(37) од Скопје за сторено кривично дело ,,прикривање". На 09.05.2019 во Скопје на ул. „18", од страна на полициски службеници, при претрес во домот на првопријавениот, второпријавениот Ш.С. од терасата фрлил пиштол ,,WALTHER PP Super" калибар 9x18 мм и кутија со 49 куршуми калибар 9 мм, кои првопријавениот ги поседувал без соодветна дозвола.

НК КР Делчево поднесе кривична пријава против Т.М.(54), Т.И.(51), П.Н.(39) и О.А.(37), сите од Скопје, сите вработени во Министерството за економија- Биро за метрологија, поради основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Пријавените, како вработени во Биро за метеорологија, издале потврди за отворање на постапката за идентификација на две патнички возила, кои што не ги исполнувале законските услови за легализација, со што овозможиле сопствениците на возилата да се стекнат со право на регистрација.

Полициската станица Радовиш поднесе кривична пријава против П.М.(19) и В.А.(18), двајцата од село Куклиш, Струмица за сторено кривично дело „изработка и употреба на лажна платежна картичка". Првопријавениот прибавил банкарски податоци од платежната картичка сопственост на Б.К.. од Радовиш, по што на 23.03.2019 второпријавениот, ги употребил ваквите податоци, и во три наврати, преку интернет сервисот на „PaySend", извршил пренос на пари на сопствената сметка. По ова, на 24.03.2019 година од банкомат во Струмица, истиот ги подигнал паричните средства, и половина од износот му дал на првопријавениот.

Полициски службеници од СВР Тетово на 19-јуни, во времето од 13 до 18 часот, спроведоа акциска контрола за прекршоци направени од мотоциклисти. Констатирани се 19 прекршоци (ТЕ-15 и ГВ-4) и соодветно се санкционирани. Констатирани се и уште 10 други прекршоци од други учесници во сообраќајот, кои се санкционирани со соодветни поднесоци.

На 19.06.2019 во 17,15 часот во СВР Скопје од комплексот клиники "Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со повреди била донесена Е.С.(37) од Скопје, која, според пријавеното се здобила со повреди откако управувајќи велосипед удрила во друг велосипед, управуван од 11 годишен малолетник, на локалниот пат с.Долно Лисиче-с.Горно Лисиче. Се работи на расчистување на случајот.

На 20.06.2019 година во 01,20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улицата "Цветан Димов" бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна тепачка помеѓу неколку лица. Притоа, на А.Р.(24) му била нанесена повреда од остар предмет и бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Исто така приведено е и едно лице, Б.Б. (29), кој бил задржан во Полициската станица Бит Пазар. Се работи на целосно расчистување на случајот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)